Врз основа на член 33 од Статутот на ДСУ за рехабилитација и образование “ Св. Наум Охридски ” Скопје, Училишниот одбор по реализираните состаноци на Наставничкиот совет и Советот на родители на одржаната седница на ___________ донесе

# КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО

Со овој Куќен ред се уредува внатрешното работење на ДСУ за рехабилитација и образование “ Св. Наум Охридски ” Скопје , а во текстот што следи името на училиштето ќе биде наведено со зборот „училиштето“.

Овој куќен ред се однесува на сите лица кои по било која основа престојуваат во училиштето (училишната зграда, училишниот двор, спортската сала, училишните кабинети и работилници).

## ПРЕСТОЈ ВО УЧИЛИШТЕТО

Учениците, наставниците, воспитувачите, останатите вработени во училиштето и родители / старатели можат да претстојуваат додека трае наставата и останатите воспитно-образовни процеси. Надвор од работното време за претстој во училиштето одобрение треба да даде директорот.

Во просториите на училиштето не е дозволено:

- попречување на воспитно-образовниот процес;
- внесување оружје, средства кои може да предизвикаат пожар или експлозија и сите средства кои може да го загрозат животот на учениците и сите вработени во училиштето;
- внесување и конзумирање на психотропни супстанции (цигари, алхохол и наркотични средства) во училишните простории, училишниот двор и сите места каде се реализира воспитно-образовниот процес;

- промоција и продажба на сите производи и услуги кои не се поврзани со воспитно-образовниот процес;
- меѓусебни навреди и насилно однесување;
- уништување на училиштниот инвентар во и надвор од училиштето;
- учество и реализација во воспитно-образовниот процес под дејство на алхохол или психотропни супстанции;
- пушење во училишните простории;
- фрлање отпадоците на места каде тоа не е дозволено;
- учениците не смеат да доведат непознати личности во училиштето без одобрение и дозвола на раководителот на паралелката или директорот на училиштето.

Должност е на наставниците, учениците, сите останати вработени во училиштето и родителите / старателите да се грижат и да не го уништуваат училиштниот имот.

Наставниците, учениците и останатите вработени во училиштето должни се пристојно да се облечени и пристојно да се однесуваат за време на престојот во училиштето.

Односот помеѓу членовите на училиштниот колектив мора да се заснова на меѓусебна почит, толеранција и културна комуникација. Секој облик на насилство и навредување му штетат на угледот на училиштето и на поединецот како член на тој училиштен колектив.

## РАБОТНО ВРЕМЕ

Вработените во училиштето се должни да доаѓаат и заминуваат во училиштето согласно распоредот на работно време.

Во случај на спреченост вработениот да дојде на своето работно место треба да ја извести училишната управа веднаш или во првата прилика која ќе му се укаже.

Наставниците навремено треба да дојдат во училница да го започнат и завршат часот.

## УЧЕНИЦИ

Наставата се одвива во една смена и започнува во 08:00 часот.

Учениците имаат право на одмор помеѓу наставните часови. Одморите се делат на мали кои траат по 5 минути и голем кој трае 25 минути.

Информации за распоредот на часови, времетраењето на часовите, термините за воннаставните активности и тековните настани се истакнуваат на огласната табла во училиштето.

Распоредот на часови овозможува вклучување на учениците во воннаставни активности.

Учениците имаат право да учествуваат во спортски, културни и други манифестации организирани од страна на училиштето.

Ученикот треба:

- да се однесува пристојно кон соучениците, родителите (старателите) и сите вработени во училиштето.
- без дозвола на наставниците за време на часовите да не влегуваат во други училници и простории во училиштето;
- во согласност на Еко-стандардите во училиштето да се грижи за општата хигиена,рационалното користење на вода, заштеда на електрична енергија,селектирање на отпадот во училници, ходници, трпезарија, кабинети итн;
- да се однесува примерно со што ќе влијае на непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Со ѕвонењето на училишното ѕвонче кое го означува почетокот на наставата, учениците со помош на дежурните наставници треба да се упатат кон своите училници.

Учениците кои учествуваат во практичната настава треба да се соодветно облечени и да се придржуваат кон пропишаните заштитни мерки.

При напуштањето на училницата учениците треба да си ги земат со себе личните работи.

Учениците се должни да се грижат за уредноста и чистотата на училишните простории и просторот околу училиштето. Училишниот двор и училишните простории може естетски да ги уредуваат во договор со наставниците, одделенските раководители и директорот на училиштето во согласност на Еко – стандардите.

**ДЕЖУРСТВО**

За време на реализацијата на воспитно-образовниот процес во училиштето се реализира дежурство од страна на наставниците.

Распоредот и обврските на дежурниот наставник ги одредува директорот на училиштето.

Распоредот за дежурство на наставниците се истакнува на училишната огласна табла.

Дежурниот наставник:

- доаѓа 15 минути пред почетокот на наставата и го извршува дежурството до завршувањето на истата;
- за време на одморите се движат низ училиштето и ги предупредуваат учениците на ред и дисциплина;

- води евиденција во однос на евентуални кршења на правилата поврзани со „Куќниот ред на училиштето“, запишувајќи ги тие неприфатливи однесувања во книгата за дежурство, на крајот од работното време во истата се изготвува извештај во однос на дежурството кој го потпишува главниот дежурен наставник, а кој подоцна го известува и му го предава на директорот на училиштето.

## КРШЕЊЕ НА КУЌНИОТ РЕД

Постапувањето по одредбите од Куќниот ред на училиштето претставува составен дел од работните обврски на вработените во училиштето.

Куќниот ред треба да се почитува од страна на учениците и родителите (старателите).

Вработените, учениците и родителите (старателите) кои постапуваат спротивно од Куќниот ред одговараат според Статутот на училиштето, општите акти и другите закони на надлежните институции.